РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-1047/4
14.12.2021 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-1047/1 од 20.08.2021 година за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2399 и дел од к.п.2400 К.О. Ранковце, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр.32/2020) донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2399 и дел од к.п.2400 К.О. Ранковце, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2399 и дел од к.п.2400 К.О. Ранковце, Општина Ранковце со тех.број 41/21 од Август 2021 година, изработена од ДУПИ „ПЛАНЕРИС" ДООЕЛ Куманово врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0016.

## О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, со број 22-1046/1 од 20.08.2021 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2399 и дел од к.п.2400 К.О. Ранковце, Општина Ранковце со тех. број 41/21 од Август 2021 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-51/1 од 14.02.2017 година, изврши увид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно број УЗП 6027/2021 од 17.05.2021 година.
2. Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за група на класа на намена Е-Инфраструктура Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани на к.п.2399 и дел од к.п.2400 К.О. Ранковце, Општина Ранковце;

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 08-158/3 од 31.05.2021 година, изработен од „ГЕОМЕТАР ПРО.ИНГ“ ДОО Свети Николе.
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-26/2021 од 31.05.2021 година.
5. Услови за планирање на просторот за изработка на со тех.број Y13621 од јули 2021 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр. УП1-15 1079/2021 од 30.07.2021 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski

Digitally signed by Mome Krstevski
DN: o=Opshtina Rankovce, c=MK, email=mome.krstevski@rankovce.gov.mk, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2021.12.14 14:45:54 +01'00'

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

BORCHE SPASOVSKI

Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2021.12.14 14:47:15 +01'00'